## ПОВАЖНИ КОНТАКТИ:


**Министерство за правда**

ул.„Димитрие Чуповски" 9,
1000 Скопје, Република Северна Македонија
cabinet@justice.gov.mk
+389 (0)2 3116 - 493
+389 (0)2 3116 - 648

**Комисија за паричен надоместок**

www.komisijazanadomestoknazrtvi.mk
contact@komisijazanadomestoknazrtvi.mk
+389 2 3116 - 493 лок.119

Контакт лице **Андријана Ѓорѓевска,**
Раководител на одделение за помилување и надомест на штета

+389 2 3116 - 493 лок.119
+389 (0)70 314 - 453,
agjorgjevska@justice.gov.mk



Овој леток е изработен со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Неговата содржина е единствена одговорност на авторот(ите). Изразените ставови во никој случај не може да се сметаат дека го одразуваат официјалното мислење на Европската унија или на Советот на Европа.


МКД

Земјите членки на Европската Унија одлучија да ги поврзат своите знаења, ресурси и судбини. Заедно тие изградија зона на стабилност, демократија и одржлив развој, истовремено одржувајќи ја културната разновидност, толеранцијата и индивидуалните слободи. Европската Унија се залага за споделување на своите постигнувања и вредности со држави и народи и надвор од нејзините граници.

**www.europa.eu**

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Таа се состои од 46 држави членки, вклучувајќи ги сите држави членки на Европската унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенцијата од страна на државите членки.

**www.coe.int**


Кофинансиран од Европската Унија
Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа


# ПРАВО НА ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК
## ЗА ЖРТВИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА СО НАСИЛСТВО ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ПРАВА
ПРЕДУСЛОВИ
НАДОМЕСТОЦИ


Кофинансиран од Европската Унија
Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа

## 1 КОЈ ИМА ПРАВО НА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА?

Ако сте жртва на кривично дело со насилство, вклучувајќи го **родово-базираното насилство, семејното насилство, насилство врз половиот интегритет, трговија со луѓе/дете, ропски однос** или други кривични дела со сериозни последици, како физички и психички, имате право на паричен надоместок.

Правото на надоместок се однесува и на оние кои се обиделе да спречат извршувањето на такво дело, како и на оние кои давале помош на жртвата или помагале на полицијата при приведувањето на сторителот. Надоместок може да се бара и ако сте **член на семејството на жртвата** која починала поради насилство.

## 2 КОЈ Е ПРЕДУСЛОВОТ?

Кривичното дело да се случило во Северна Македонија и да биде **евидентирано или пријавено до полицијата или јавното обвинителство** кои треба да издадат соодветно известување (**потврда, службена белешка**).

Ова право важи независно од вашиот статус или државјанство, под услов да се наоѓате на територијата на Република Северна Македонија во време на извршувањето на кривичното дело. Право да побараат надоместок на штета имаат државјани на Северна Македонија, странски државјани[1], лице без државјанство или неевидентирано лице во матичната книга на родени.

Правото на надоместок важи и ако сторителот **не е познат** или **ако нема кривична постапка**.

## 3 КАКОВ ВИД И КОЛКАВ ИЗНОС НА НАДОМЕСТ?

Паричниот надоместок вклучува:

- трошоци за лекување и медицински помагала (максимален износ до 2.000 евра);
- изгубена заработувачка (максимален износ до 2.000 евра);
- трошоци за погреб (само доколку не сте ги наплатиле по друга основа);
- изгубена издршка (максимален износ од 4.500 евра); и
- солидарна помош за претрпени последици од кривичното дело (максимален износ до 500 евра)

**ВКУПНИОТ ИЗНОС НЕ МОЖЕ ДА НАДМИНЕ 5.000 ЕВРА ВО ДЕНАРСКА ВРЕДНОСТ.**

## 4 ДО КОГО ДА СЕ ПОДНЕСЕ БАРАЊЕТО ЗА НАДОМЕСТ?

Поднесете писмено барање непосредно преку архивата на Министерството за правда, по пошта или електронска форма до :

**КОМИСИЈАТА ЗА ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК**

**Контакт:**

**Министерство за правда**

ул. Димитрие Чуповски бр.9, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

www.komisijazanadomestoknazrtvi.mk

contact@komisijazanadomestoknazrtvi.mk

+389 2 3116 493 лок.119

Ако сте жртва дете или лице без деловна способност, барањето може да биде поднесено од родителот, старателот или полномошникот.

## 5

Формуларот - Образецот за Барањето за остварување на паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство може да се симне и испечати од веб страната на Комисијата.

## 5 КОИ ПРАВА ГИ ИМАТЕ ВО ТЕКОТ НА ПОСТАПКАТА?

- право на бесплатна правна помош, **вклучувајќи и за пополнување на барањето за остварување на паричен надоместок.**
- **во оваа постапка** не се плаќаат административни такси.
- право на преведувач **за време на целата постапка, а трошоците се на товар на државата** (за странски државјани/лица без државјанство).
- **се** забранува секаков вид **и** облик на дискриминација.[2]
- **остварувањето на правото на надоместок со ова барање** не го исклучува правото на жртвата да побарува надомест на штета или да оствари друго побарување согласно друг закон пред надлежен суд**.**
- **органи, вклучувајќи полицијата, јавното обвинителство, судовите, Министерството за правда, центрите за социјална работа, здравствените и социјалните установи во Северна Македонија, се задолжени на** лицата кои имаат право на паричен надоместок да им обезбедат информации **за тоа право, како и за надлежниот орган каде може да се обратат за остварување на ова право.**

---

[1] паричен надоместок има жртва која е државјанин на земја-членка на Европската Унија и ќе започне да се применува од денот на пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.

[2] врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа во остарувањето на правата за надомест на штета.